**ТТК Банка АД Скопје** објавува:

**ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА СЛЕДНОТО РАБОТНО МЕСТО:**
**Соработник за клиенти - население во експозитура Кичево**
(1 извршител)

**Потребни квалификации и способности:**

- Високо стручно образование од областа на економијата;
- Работно искуство во банка и познавање албански јазик ќе се сметаат за предност;
- Продажни и промотивни вештини;
- Ориентираност кон клиенти;
- Комуникациски и организациски вештини;
- Способност за тимска работа;
- Пожелно е кандидатот да поседува возачка дозвола „Б" категорија;
- Познавање англиски јазик иработа со компјутери.

**Краток опис на работно место:**

- Планирање, организирање и превземање активности поврзани со продажба на производи и услуги на клиенти – физички лица;
- Посета на клиенти заради промоција и продажба на производите и услугите на Банката;
- Подготовка и разгледување предлози за одобрување на кредитните барања и достава на барања на кредити за физичките лица кон погорните нивоа на одлучување;
- Следење, контрола и организирање наплатата на сите достасани обврски од клиентите - физички лица.

**Работно време:**

40-часовно неделно работно време распоредено во рамките на работното време на експозитурата.

**Останати информации:**

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат горенаведените услови потребно е да испратат кратка биографија (CV) и мотивациско писмо на македонски јазик, копија од уверение за завршено образование како и копија од други документи кои ги сметаат за релевантни (препораки, потврди, сертификати) најдоцна до **20.11.2020 година**, со назнака: „**Апликација за Соработник за клиенти - население воекспозитура Кичево**" на следната адреса за е-пошта: **kariera@ttk.com.mk.**

Ќе бидат контактирани кандидатите кои ќе влезат во потесен круг.

Рокот во кој ќе биде извршен изборот ќе биде 45, 90 или 120 дена по истекот на рокот за пријавување, а во зависност од бројот на пријавените кандидати.